*Друштво за компјутерски активности ИНТЕР ДАНГОВ ДООЕЛ*
*експорт-импорт Скопје; ЕМБС: 6734901; Деловоден*
*број:30120110056934; Даночен број: 4080011523992 Бул;*
*Крсте Мисирков, ДТЦ Мавровка, лам. Ц, кат 2, канц 1*

До:
Деканатот при Факултетот за Дизајн
и Технологии на Мебел и Интериер / Скопје

Скопје 18.08.2014

Предмет:

## Известување за
## Отвореност за Обука на Студентите При ФДТМЕ

Во согласност со потпишаниот Меморандум помеѓу Факултетот за Дизајн и Технологии на Мебел и Ентериер - Скопје и Друштвото за компјутерски активности ИНТЕР ДАНГОВ ДООЕЛ, Ве известуваме дека компанијата ИНТЕР ДАНГОВ објавува отворен конкурс за практиканти, и ги поканува студентите од втора, трета и четврта година да аплицираат. Повеќе информации за конкурсот се дадени во продолжение.

ИНТЕР ДАНГОВ е компанија која се занимава со уметнички проекти од областа на дизајн, анимација, моделирање и слично. Дел од проектите на кои што имаме директно и индиректно работено, се претставени на порталот www.dangov.com.

ИНТЕР ДАНГОВ го замолува деканатот при ФДТМЕ да достави листа од заинтересирани студенти според долунаведениот профил во најкраток можен термин.

### Профил на кандидатите:

- Одлично познавање на Англиски јазик
- Познавање на Autocad, Illustrator, 3D Max се смета за предност
- Тимски ориентирани
- Способност за работа со строги рокови

Во текот на праксата студентите ќе се здобијат со:

* Практично знаење за тоа како функционира една online компанија која што целосно функционира на интернет
* Официјална потврда за остварената пракса во компанијата
* Препораки за вработување

Волонтерската програма почнува на 25.08.2014 и ќе трае до 25.10.2014. Заинтересираните студенти треба да поднесат барање за реализација на обуката во архивата на факултетот најдоцна до 22.08.2014 година. Дел од кандидатите ќе бидат повикани на интервју во просториите на компанијата. За подетални информации можете да се обратите на praksa@dangov.com, koljozov@fdtme.ukim.edu.mk или во деканатот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, кај продеканот за настава.

ИНТЕР ДАНГОВ се наоѓа во ДТЦ Мавровка. Практичната настава ќе се одвива од 09:30 до 15:30 но ќе има флексибилност во поглед на времето, со тоа што ќе има секогаш разбирање кога студентот ќе има обврски од факултетот. Праксата трае два месеца.